З А П И С Н И К

од дванаесетиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации

дванаесетиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Директорот на Агенцијата се одржа на 30.07.2019 година, со почеток во 14:30 часот во просториите на Агенцијата за електронски комуникации.

На состанокот присуствуваа

1. Гордана Клинчарова, претседател
2. Горан Велинов, член
3. Ервин Реџепагиќ, член
4. Бојана Стефановска- Советник за правни работи-во својство на записничар,
5. Владимир Велковски-Раководител на Сектор за финансии,

На состанокот се работеше по предложениот дневен ред:

1. Усвојување на Записникот од единаесетиот состанок на Комисијата одржан на 08.07.2019 година и усвојување на предлог дневниот ред за единаесетиот состанок за 2019 година на Комисијата на АЕК;

   Записникот од единаесетиот состанок на Комисијата беше едногласно усвоен,

   Имајќи ја во предвид итноста по однос на Измените и дополнувањата на Законот за електронски комуникации кои стапија во сила на 26.07.2019 година членовите на комисијата останатите точки од дневниот ред донесоа заклучок да се одложат за наредниот состанок на комисијата и пристапија кон разгледување на предлозите доставени од Директорот и тоа за исплата на средства за финансирање на Оперативно-техничката агенција.

Исто така беше усвоена одлуката за измена на Годишниот финансиски план на Агенцијата за електронски комуникации за 2019 година, а согласно сето ова а врз основа на измените на Законот за електронски комуникации објавени во службен весник број 153 од 26.07.2019 година беше усвоена одлуката за исплата на средства за финансирање на Оперативно-техничката агенција.

2. Разно

По оваа точка немаше дискусии.

Состанокот заврши на 30.07.2019 во 15:00 часот.

Гордана Клинчарова, претседател________________

Горан Велинов, заменик претседател________________

Ервин Реџепагиќ, член___________________________

Наш број ________

Скопје 30.07.2019 год.